**Неофицијален пречистен текст**

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКИТЕ И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ПОРАДИ БОЛЕСТ И ПОВРЕДА ИЛИ ПОТРЕБА ЗА НЕГА НА БОЛЕН ЧЛЕН ОД ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО И ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРИВРЕМЕНАТА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИДОТ НА БОЛЕСТА И ПОВРЕДАТА

(Службен весник на Република Македонија број 30/2006, 22/2009, 58/2009, 140/2009, 44/2010, 81/2010, 154/2010, 95/2011 – пречистен текст, 29/2012, 63/2012, 138/2012, 12/2017)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремената спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата.

### Член 2

Одредбите на овој правилник се однесуваат на сите осигуреници вработени кај работодавачите со седиште или престојувалиште во Република Македонија, како и на осигурениците упатени на привремена работа во странство.

## II. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

### Член 3

Оцена за привремена спреченост за работа за првите 15 дена дава избраниот лекар од примарната здравствена заштита, а над 15 дена дава првостепената лекарска комисија на Фондот, по предлог на избраниот лекар.

Ако избраниот лекар оцени дека привремената спреченост за работа ќе трае подолго од 15 дена го упатува осигуреникот на натамошна оцена за потреба од привремена спреченост за работа на првостепена лекарска комисија.

**Член 4**

Привремена спреченост за работа се утврдува со: непосреден лекарски преглед на осигуреникот и увид во медицинската и друга документација.

По исклучок на став 1 на овој член, во случај кога осигуреникот е тешко болен, кога е неподвижен или тешко подвижен, а не е на болничко лекување, избраниот лекар, односно првостепената лекарска комисија, може на основа предлог на избраниот лекар кој на осигуреникот му пружа здравствена заштита и на основа медицинската и другата документација, да утврди привремена спреченост за работа без присуство на осигуреникот.

**Член 5**

Привремената спреченост за работа се утврдува со датумот на посета на осигуреникот на избраниот лекар, односно на првостепената лекарска комисија на Фондот.

Привремената спреченост за работа не може да се утврди ретроактивно освен во случај на болничко лекување и тоа врз основа на извештајот на здравствената установа дека осигуреникот се наоѓа на болничко лекување или отпусното писмо по завршеното болничко лекување.

По исклучок од став 2 на овој член избраниот лекар може да утврди привремена спреченост за работа ретроактивно и во случај кога осигуреното лице направи посета кај избраниот лекар наредниот работен ден од денот на настанувањето на спреченоста за работа, како и во случај кога лекарската комисија ретроактивно дава мислење за остварување на право за привремена спреченост за работа врз основа на оправдани медицински индикации за неподвижни пациенти кои боледуваат од малигно заболување, цереброваскуларен инсулт со тешки последици, политраума, мултиплекс склероза и терминална фаза на болест.[1]

[1] Измена во Сл.весник на РМ бр.138/2012

**Член 6**

Избраниот лекар задолжително ја запишува датата на почетокот и крајот на привремената спреченост за работа во здравствениот картон и здравствената легитимација на осигуреното лице.

**Член 7**

Ако избраниот лекар, односно лекарската комисија при оценувањето на спреченоста за работа утврди дека спреченоста за работа е предизвикана од заболување за кое нема можност за лекување, односно изменетата здравствена состојба на осигуреникот е трајна, осигуреникот веднаш го упатува до надлежниот орган за оценување на работната способност според прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 8**

Доколку осигуреникот не е задоволен од оценката на избраниот лекар односно првостепената лекарска комисија може да поднесе приговор до првостепената, односно второстепената лекарска комисија.

Приговор против оцената за привремена спреченост за работата на избран лекар и на лекарската комисија, може да поднесе и работодавецот кај кого осигуреникот е вработен, односно Фондот.

## III. КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА СПРЕЧЕНОСТ ЗА РАБОТА

**Член 9**

Привремената спреченост за работа поради болест и повреда на осигуреникот или потребата за нега на болен член од потесното семејство и времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата, во смисла на овој правилник, се утврдува спрема “Критериумите за дијагностички постапки и оценка на привремената спреченост за работа поради болест и повреда или потребата за нега на болен член од потесното семејство” кој е составен дел на овој правилник.

**Член 10**

Во постапката за утврдување на привремената спреченост за работа избраниот лекар, првостепената лекарска комисија и второстепената лекарска комисија на Фондот се должни да се придржуваат на “Критериумите за дијагностички постапки и оценка на привремената спреченост за работа поради болест и повреда или потребата за нега на болен член од  потесното семејство” од членот 9 на овој правилник.

На критериумите од ставот 1 на овој член должни се да се придржуваат и лекарите специјалисти и субспецијалисти при изготвувањето на наодите и мислењата за здравствената состојба на осигуреното лице и упатствата за натамошно лекување, што ги доставуваат до избраните лекари.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство. [2]

**Член 11-а**

При давањето на  оценка за привремена спреченост за работа за болести на респираторниот систем (JOO-J99) од Критериумите за дијагностичките постапки и оцена на привремена спреченост за работа поради болести и повреди или потреба за нега на болен член од потесното семејство (Сл. Весник на РМ бр.29/12 и 63/12), нема да се применуваат одредбите од членот 9 и 10 од овој правилник, до 31.03.2017 година.[3]

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

(Член 3 од Правилник објавен во „Службен весник на РМ” бр. 29/2012)

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престануваат да важат Критериумите за дијагностички постапки и оценка на привремената

[2] Измена во Сл.весник на РМ бр.29/2012 (се брише чл.11-а)
[3] Измена во Сл.весник на РМ бр.12/2017

спреченост за работа поради болест и повреда  или потреба за нега на  болен член  од потесното семејство, објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр.31/2006.

**Член 13**

(Член 4 од Правилник објавен во „Службен весник на РМ" бр. 29/2012)

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 01.04.2012 година.

**Член 14**

(Член 2 од Правилник објавен во „Службен весник на РМ" бр. 63/2012)

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

**Член 15**

(Член 2 од Правилник објавен во „Службен весник на РМ" бр. 138/2012)

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

**Член 16**

(Член 2 од Правилник објавен во „Службен весник на РМ" бр. 12/2017)

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.